20262544580

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став 9, член 54 став 1 точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување, („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025, 154/2025, 29/2026 и 212/2026), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 6 октомври 2026 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКИТЕ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата.

Член 2

Одредбите на овој правилник се однесуваат на сите осигуреници вработени кај работодавачите со седиште во Република Северна Македонија, самовработени лица, осигуреници упатени на привремена работа во странство и осигуреници кои користат здравствени услуги во странство.

II.НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

Член 3

Оцена за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава избраниот лекар од примарната здравствена заштита, а над 15 дена дава лекарската комисија на Фондот (во понатамошен текст „лекарската комисија“), по предлог на избраниот лекар.

Ако избраниот лекар оцени дека привремената спреченост за работа ќе трае подолго од 15 дена го упатува осигуреникот на натамошна оцена за потреба од привремена спреченост за работа на лекарска комисија.

Член 4

Привремената спреченост за работа се утврдува со денот на физичка посета на осигуреникот кај избраниот лекар односно пред лекарската комисија врз основа на непосреден лекарски преглед на осигуреникот како и увид во медицинската и друга соодветна документација.

По исклучок од став 1 на овој член, привремената спреченост за работа може да се утврди и без физичко присуство на осигуреникот, во случаи кога истиот:

- е тешко болен, неподвижен или тешко подвижен, а не се наоѓа на болничко лекување;
- се наоѓа на болничко лекување или е придружник на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување;
- се лекува во странство или е придружник на болно лице во странство;

Во случаите од став 2 на овој член, привремената спреченост за работа се утврдува од страна на избраниот лекар или лекарска комисија, врз основа на медицинска и друга соодветна документација.

Член 5

Избраниот лекар, по извршен преглед на осигуреникот и увид во медицинската документација, го евидентира првиот ден на спреченост за работа и ја оценува потребата за продолжување на привремената спреченост, како и потребата за навремено упатување на осигуреното лице на лекарска комисија.

Привремената спреченост за работа не може да се утврди ретроактивно освен во следните случаи кога осигуреникот:

- по завршено болничко лекување доставува отпусно писмо односно потврда од здравствената установа доколку отпусното писмо не му е издадено во рок од пет дена од денот на завршувањето на болничкото лекување;
- се наоѓа на подолготрајно лекување во дневна болница при што доставува потврда за лекување на секои 30 дена, сè до завршување на лекувањето;
- направи посета кај избраниот лекар наредниот работен ден од денот на настанување на спреченоста за работа, при што ретроактивното утврдување може да се однесува само на тој еден ден (еден ден при отворање и/или затворање на боледувањето);
- се јавува пред лекарска комисија, а боледува од малигно заболување, цереброваскуларен инсулт со тешки последици, политраума, мултиплекс склероза или се наоѓа во терминална фаза на болеста;

Член 6

Датумот на почетокот и крајот на привремената спреченост за работа избраниот лекар ги запишува во здравствен картон и електронски медицински дневник на осигуреникот.

За привремена спреченост за работа над 15 дена, до лекарската комисија осигуреникот приложува:

- уредно пополнет предлог од избран лекар Предлог за спреченост за работа ПСР - образец издаден од електронскиот систем на Фондот и
- медицинска и друга документација.

Извештај за привремената спреченост за работа на осигуреникот кој се наоѓа на болничко лекување ја издава избраниот лекар за периодот на болничкото лекување.

Оценката за привремената спреченост за работа на осигуреникот кој бил на дневно болничко лекување, лекарската комисија ја дава врз основа на доставена потврда од здравствена установа издадена на секои 30 дена, а по 60-от ден врз основа на доставена потврда и издадено конзилијарно мислење на пропишан образец.

Член 7

Во случај на појава на нова болест или повреда, која не е поврзана со болеста или повредата поради која веќе е утврдена привремена спреченост за работа (односно при различна група на дијагноза) во согласност со Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство, избраниот лекар е должен да го затвори тековното боледување и отвори ново боледување со утврдување на нов прв ден на спреченост за работа, почнувајќи од денот кога е утврдена новата медицинска состојба.

Новото боледување од став 1 на овој член се евидентира како посебна спреченост за работа и се води согласно новата дијагноза и клиничка слика на осигуреното лице.

Член 8

Лекарската комисија, во оценката за спреченост за работа наведува:

- датум на првиот ден на спреченост за работа, утврден од избраниот лекар;
- дијагнозата на заболувањето и соодветната шифра согласно Меѓународната класификација на болести – МКБ-10 АМ;
- медицинската документација врз основа на која комисијата го утврдува периодот на привремена спреченост за работа;
- датум на кој осигуреното лице е должно да се јави на лекарската комисија за евентуално продолжување на спреченоста за работа;
- последниот ден на привремената спреченост за работа, доколку осигуреното лице е оценето како способно за работа и
- препорака за понатамошно постапување.

Член 9

Доколку осигуреното лице има потреба од понатамошна континуирана спреченост за работа со иста дијагноза или со иста група на дијагноза, по истекот на последниот ден на претходно утврдениот период на спреченост за работа, избраниот лекар е должен да го упати осигуреното лице на лекарска комисија со нов предлог, во кој се наведува ист прв ден на спреченост за работа.

Лекарската комисија, врз основа на новиот предлог, одлучува за продолжување на претходно издадената привремена спреченост за работа, со што боледувањето се продолжува без прекин.

Доколку, за време на траењето на привремената спреченост за работа на осигуреникот поради болест или повреда на еден од билатералните органи или екстремитети, настане заболување или повреда на другиот билатерален орган или екстремитет, се дава предлог за нов прв ден на привремена спреченост за работа, освен во случај на системско заболување.

Член 10

Ако избраниот лекар, односно лекарската комисија при оценувањето на спреченоста за работа утврди дека спреченоста за работа е предизвикана од заболување за кое нема можност за лекување, односно изменетата здравствена состојба на осигуреникот е трајна, осигуреникот веднаш го упатува до надлежниот орган за оценување на работната способност.

Член 11

Лекарот од примарна здравствена заштита, односно лекарската комисија дава извештај/оценка за спреченост за работа за лица кои се на привремен престој во РСМ а се вработени во странска држава со која РСМ има склучено (превземено) Договор за социјално осигурување, за остварување на право на надоместок на плата од странската држава.

Начинот и постапката за утврдување на привремената спреченост за работа заради остварување на право на надоместок на плата од став 1 на овој член ќе се уредат со посебно упатство на Фондот.

Член 12

Доколку осигуреникот не е задоволен од оценката на избраниот лекар односно првостепената лекарска комисија може да поднесе приговор до првостепената, односно второстепената лекарска комисија.

III.КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

Член 13

Привремената спреченост за работа поради болест и повреда на осигуреникот или потребата за нега на болен член од потесното семејство и времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата, во смисла на овој правилник се утврдува спрема „Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство“ (во понатамошен текст „Критериуми“) кои се составен дел на овој правилник.

Член 14

Во постапката за утврдување на привремената спреченост за работа избраниот лекар, лекарите специјалисти и субспецијалисти како и членовите на лекарските комисии постапуваат согласно Критериумите од член 13 на овој правилник.

При изготвувањето на наодите и мислењата за здравствената состојба на осигуреното лице и упатствата за натамошно лекување, кои ги доставуваат до избраните лекари, лекарските комисии на Фондот и лекарите специјалисти и супспецијалисти ги применуваат критериумите од ставот 1 на овој член.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Со денот на започнување на примена на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата и Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2006, 22/2009, 58/2009, 140/2009, 44/2010, 81/2010, 154/2010, 29/2012, 63/2012, 138/2012 и 12/2017).

Постапките за утврдување на право на привремена спреченост за работа кои се започнати пред денот на примена на овој правилник, ќе продолжат согласно одредбите на овој правилник.

Член 16

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 декември 2026 година.

Бр. 02-19127/2
6 октомври 2026 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
Ирена Петковски, с.р.

_____

К Р И Т Е Р И У М И
ЗА ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ ПОСТАПКИ И ОЦЕНА НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТИ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБАТА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО

За примена на Правилникот и Критериумите во здравствениот систем на Република Северна Македонија, треба да се земат во предвид следниве елементи:

I. ОСНОВ НА КРИТЕРИУМИТЕ

Критериумите се однесуваат на болест, повреда, професионална болест, придружба, нега на член на семејство, изолација, дарување на крв, ткиво или орган, бременост, раѓање и мајчинство (во понатамошен текст Критериуми). За остварување на привремената спреченост за работа основ на критериумите е една шифра на болест од МКБ – 10АМ Меѓународната статистичка класификација на болести и поврзани здравствени проблеми, десетта ревизија, Австралиска модификација.

Ако кај осигуреникот постојат повеќе дијагнози (шифри) во Извештајот за привремена спреченост за работа (ИСР образец) се избира една шифра на дијагноза за која е настаната привремената спреченост за работа.

Ако во тек на боледувањето отворено со работна дијагноза (почетна шифра во ИСР образец) се верифицира друга дијагноза која е поврзана со работната дијагноза, боледувањето продолжува со верифицираната дијагноза и критериумите се однесуваат на истата (крајна шифра во ИСР образец).

Избраниот лекар/лекарот специјалист/субспецијалист/лекарски комисии на Фондот за групите на МКБ – 10АМ за кои нема дефинирани критериуми, исклучително даваат мислење за привремена спреченост за работа врз основа на усвоени доктринарни ставови, дијагностички и терапевтски постапки, согласно медицина базирана на докази.

Доколку во рок од 30 дена по затворањето на привремената спреченост за работа (боледување) се јави потреба за повторно отворање на боледување со дијагноза од истата група наведена во Критериумите избраниот лекар веднаш поднесува предлог до надлежната лекарска комисија, која одлучува за оправданоста на отворањето на боледувањето со истата дијагноза и дава согласност за нов прв ден на спреченост за работа.

Во случај кога, во рок од 30 дена по затворањето на боледувањето, се јави потреба од болничко лекување за истата дијагноза, осигуреникот не се упатува до лекарската комисија и не е потребно прибавување согласност за отварање на боледувањето од страна на комисијата.

Во случај на последователна краткотрајна привремена спреченост за работа најмногу до 15 дена, кога прекинот помеѓу две привремени спречености за работа не е подолг од 30 дена, понатамошното утврдување на привремената спреченост за работа се врши врз основа на оцена и мислење од лекарска комисија.

За веќе верифицирани дијагнози кај хроничните заболувања резултатите од дијагностичките испитувања може да се земат во предвид, според мислењето на лекарот специјалист/субспецијалист доколку истите не се постари од 6 месеци, освен за радио дијагностика кои не треба да се постари од 1 година.

Дијагностичките испитувања кои се ограничени со возраста на осигуреникот според медицина базирана на докази како што се РТГ снимки, спирометрија, ЕКГ и други, не се обврзувачки за боледување за нега на дете.

Радиодијагностичките испитувања кои вклучуваат изложеност на јонизирачко зрачење не претставуваат задолжителна основа за отворање на боледување за бремени жени и доилки, доколку истото е утврдено и констатирано во специјалистички извештај издаден од лекар специјалист.

Доколку е извршено радиодијагностичко испитување од повисоко ниво КТ/МРИ, се исполнува критериумот за РТГ снимка.

За продолжување на боледувањето задолжителен основ на критериумот е патолошкиот наод за исполнувањето на дијагностичките постапки за боледувањето како и дадена препорака од соодветен специјалист.

II. СОДРЖИНА НА КРИТЕРИУМИТЕ

Боледување до 5 дена

Избраниот лекар може да утврди привремена спреченост за работа во траење до 5 дена без примена на критериумите, само врз основа на усвоени доктринарни ставови, дијагностички и терапевтски постапки.

Боледување до 15 дена

За издавање на боледувањето до 15 дена потребно е да се направат предвидените дијагностички постапки и/или преглед од соодветен специјалист/субспецијалист во согласност со критериумите за боледување за соодветната дијагноза без кои не може да се издаде боледувањето.

За издавање на боледувањето до 15 дена за нега на дете до 14 годишна возраст, специјалистичкиот/субспецијалистичкиот преглед предвиден во критериумите може да го изврши педијатар од СЗЗ/ТЗЗ.

За привремена спреченост за работа поради нега на дете до 14 годишна возраст, ИСР образецот го издава избраниот лекар на детето.

Врз основа на ИСР образецот од ставот 3 на овој член, избраниот лекар на осигуреникот кој го користи правото на привремена спреченост за работа поради нега на дете, врши евидентирање на привремената спреченост за работа во медицинската документација на осигуреникот.

За нега на член од потесно семејство над 14 годишна возраст ИСР образецот го издава избраниот лекар на осигуреникот кој го користи правото на привремена спреченост за работа.

Специјалистичкиот преглед предвиден во критериумите за издавање на боледување до 15 дена може за го изврши избраниот лекар гинеколог од ПЗЗ , а за боледување над 15 дена потребно е мислење на специјалист гинеколог од СЗЗ/ТЗЗ.

Боледување над 15 дена

Доколку лекувањето не е завршено и се уште постојат медицински индикации за продолжување на привремената спреченост за работа, избраниот лекар задолжително ги исполнува предвидените дијагностички постапки, и издава предлог за продолжување на боледувањето. Лекарската комисија одлучува врз основа на отпусно писмо и/или специјалистички / субспецијалистички извештаи за извршени дијагностички или терапевтски процедури согласно критериумите (СЗЗ/ТЗЗ).

Боледување над 60 дена

За привремена спреченост за работа над 60 дена, согласно со временската рамка на Критериумите, лекарската комисија одлучува врз основа на конзилијарно мислење издадено од 3 специјалисти/субспецијалисти (СЗЗ/ТЗЗ). Конзилијарното мислење е со важност најмногу до 60 дена. По истекот на важноста при потреба од понатамошно продолжување на боледувањето, потребно е да се достави ново конзилијарно мислење. Во конзилијарното мислење се наведува времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од тежината на заболувањето, но не повеќе од предвидениот временски период од критериумите за соодветната болест, како и образложение за здравствената состојба на пациентот, поради што се издава, кое треба да биде поткрепено со специјалистички извештај во која е опишана здравствената состојба на осигуреникот која претставува основа за издавање на самото конзилијарно мисење. Истото треба да е уредно потишано од тројца специјалисти/субспецијалисти(СЗЗ/ТЗЗ) и уредно архивирано.

Ако има потреба од продолжување на боледување по завршување на медицинската рехабилитација како продолжено болничко лекување потребно е да се прибави конзилијарно мислење со приложен специјалистички извештај од здравствената установа која го предложила продолжувањето на боледувањето. По исклучок, за продолжување на привремената спреченост за работа над 60 дена не е потребно конзилијарно мислење за осигуреник со тешко заболување: малигни заболувања, цереброваскуларни инсулти со тешки последици, мултипла склероза, политраума и терминална фаза од болеста.

Определената временска рамка во критериумите може да се надмине кога постои објективна спреченост за работа на осигуреникот, но истата потврдена со обновена медицинска документација со нов специјалистички извештај, и ново конзилијарно мислење врз основа на кое ќе се даде оценка и мислење од лекарската комисија на Фондот, но најдоцна до 12 месеци, односно до упатувањето до надлежниот орган за утврдување на работна способност.

Образецот за Конзилијарно мислење за продолжување на привремената спреченост за работа е составен дел на овие Критериуми.

Доколку кај осигуреникот настапи трајно губење на работната способност, истиот веднаш се упатува до надлежниот орган за оценување на работната способност и покрај утврдената временска рамка со критериумите.

Во случај кога надлежниот орган за утврдување на работна способност не ја утврди инвалидноста во рокот предвиден со законот, привремената спреченост за работа продолжува до денот на утврдување на работна способност.

Кога надлежниот орган за оценување на работната способност утврди дека кај осигуреникот не постои инвалидност, односно лекувањето не е завршено, времетраењето на привремената спреченост за работа се продолжува по наод, оценка и мислење на лекарските комисии на Фондот, со обновена медицинска документација во прилог, но само во случај кога постојат медицински индикации за привремена спреченсот за работа.

Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа треба да ги почитуваат и применуваат сите лекари од примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита и лекарските комисии.

Замената на избраниот лекар во случај на негово отсуство (користење на годишен одмор, службено патување, боледување и во други оправдани околности) може да отвори и да издаде боледување како и да издаде предлог до Лекарска комисија во согласност со утврдените Критериуми.

III. ШИФРИ НА ДИЈАГНОЗИ СО МИНИМУМ ДИЈАГНОСТИЧКИ ПОСТАПКИ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
ГЛАВА I - ОДРЕДЕНИ ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ (A00-B99)					
A00–A07, A09	Цревни инфективни болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, копрокултура (ПЗЗ/СЗЗ)	Во случај на болничко лекување боледувањето се продолжува до 7 дена по хоспитализација. При позитивен наод на брис / копрокултура, боледувањето се продолжува до добиени 2 последователни негативни наоди	
A08	Вирусни ентерити	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, копрокултура (ПЗЗ/СЗЗ)	Нема оправданост за продолжување на боледувањето	
A15-A19 Туберкулоза					
A15	Респираторна туберкулоза,бактериолошки и хистолошки потврдени	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови и срце (ПА и профил), преглед од пулмолог/ интернист (ПЗЗ/СЗЗ/ТЗЗ)	Спреченоста за работа трае при болничко лекување и до 6 месеци по хоспитализација. Кај мултирезистентната туберкулоза спреченоста за работа е според мислењето на пулмолог/ интернист/ потврдено со лабораториски и дијагностички постапки и анализи	пулмолог/ интернист
A17	Туберкулоза на нервениот систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови (ПА и профил),преглед од инфектолог/ пулмолог/ интернист/ невролог (ПЗЗ/СЗЗ/ТЗЗ)	Спреченоста за работа трае при болничко лекување и до 6 месеци по хоспитализација. Кај мултирезистентната туберкулоза спреченоста за работа е според мислењето на инфектолог/ пулмолог, интернист/ невролог/ потврдено со лабораториски и дијагностички постапки и анализи	инфектолог/ пулмолог/ интернист/ невролог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
А18.0	Туберкулоза на коски и зглобови	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови (ПА и профил), преглед од пулмолог/ ортопед/ хирург/ трауматолог (ПЗЗ/СЗЗ/ТЗЗ)	Спреченоста за работа трае при болничко лекување и до 9 месеци по хоспитализација. Кај мултирезистентната туберкулоза спреченоста за работа е според мислењето на пулмолог/ ортопед/ хирург/ трауматолог/ потврдено со лабораториски и дијагностички постапки и анализи	пулмолог/ ортопед/ хирург/ трауматолог
А18.1	Туберкулоза на генитоуринарен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на генитоуринарен систем/ РТГ на бели дробови, преглед од пулмолог/ гинеколог/ уролог/ нефролог/ интернист/ (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Спреченоста за работа трае при болничко лекување и до 6 месеци по хоспитализација според мислењето на пулмолог/ гинеколог/ уролог/ нефролог/ интернист	пулмолог/ гинеколог/ уролог/ нефролог/ интернист
А20–А49	Одредени зоонозни/бактериски инфекции	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, копрокултура/ уринокултура/ серолошки анализи, преглед од интернист/ инфектолог/ дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај по проценка на соодветен специјалист до 2 месеци од почеток на боледувањето, а при болничко лекување до 2 месеци по хоспитализација	интернист/ инфектолог/ дерматовенеролог
А50–А64	Инфекции главно со сексуален начин на пренесуваање	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ гинеколог/ уролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето освен при компликации по препорака на соодветен специјалист до 30 дена од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог/ гинеколог/ уролог
А70–А74	Други болести предизвикани со хламидии	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, микробиолошки брис од кожа или слузници, преглед од офталмолог/ инфектолог/ дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	офталмолог/ инфектолог/ дерматовенеролог
А80–А99	Вирусни инфекции на централниот нервен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од инфектолог/ невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеци по хоспитализација	инфектолог/ невролог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
B00-B09	Вирусни инфекции што се карактеризираат со лезии на кожата и на мукозната мембрана	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ инфектолог/ педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај/ отпусно писмо со препорака за боледување до 6 недели од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог/ инфектолог/ педијатар
B15-B19	Вирусен хепатит	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хепатитис маркери, хепатограм, ЕХО на абдомен, преглед од инфектолог/ гастроентеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај/ отпусно писмо со препорака за боледување до постигнувањето на клиничка ремисија на болеста до 3 месеци од почетокот на боледувањето	инфектолог/ гастроентеролог
B20-B24	Болест од вирусот на хуманата имунодефициенција - HIV	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хепатограм, детекција на ХИВ, хепатитис маркери,ЕХО на абдомен, преглед од инфектолог/ пулмолог/ гастроентеролог/ хематолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо и препорака за боледување до 10 месеци од почетокот на боледувањето, во кој период се упатува до надлежен орган за оценка за работоспособност	инфектолог/ пулмолог/ гастроентеролог/ хематолог
B25-B34	Други вирусни болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од инфектолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	инфектолог
B35-B36	Површни микози	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	дерматовенеролог
B37-B49	Микози	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ гинеколог/ интернист/ уролог/ хирург/ невролог/ инфектолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо и препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	дерматовенеролог/ гинеколог/ интернист/ уролог/ хирург/ невролог/ инфектолог
B50-B64	Протозоални болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од инфектолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо и препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	инфектолог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
B65, B66, B68-B83	Хелминтијази	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, брис и копрокултура, преглед од инфектолог/ интернист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај/ отпусно со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	инфектолог/ интернист
B67	Ехинококоза	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови, ЕХО абдомен, преглед од инфектолог/ пулмолог/ невролог/ интернист/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)/	Со отпусно писмо и препорака за боледување до 2 месеци по хоспитализација	инфектолог/ пулмолог/ невролог/ интернист/ хирург
B85	Педикулоза и Фтиријаза	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	Нема основ за продолжување на боледувањето	
B86,B87,B88,B89	Скабиес (B86), Мијаза (B87), Други инфестации (B88) и Неозначена паразитска болест (B89)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ интернист/ инфектолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај/ отпусно писмо со препорака за боледување, доколку има компликации до 30 дена од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог/ интернист/ инфектолог
ГЛАВА II – НЕОПЛАЗМИ (C00–D48)					
C00–C14	Малигни неоплазми на усна, орален кавитет и грло/фаринкс	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од ОРЛ специјалист/ максилофацијален хирург/ онколог	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и за време на спроведувањето на оперативно лекување, радио/ хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	ОРЛ специјалист/ максилофацијален хирург/ онколог
C15–C26	Малигни неоплазми на дигестивните органи	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хепатограм/ ехо на абдомен/ РТГ на бели дробови и срце/ ендоскопија на дигестивен тракт со биопсија, преглед од интернист/	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и за време на спроведувањето на оперативно лекување, радио/ хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до	интернист/ гастроентерохепатолог/ хирург/ онколог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
			гастроентерохепатолог/ хирург/ онколог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	надлежен орган за оценка за работоспособност	
С30–С39	Малигни неоплазми на респираторни и интраторакални органи	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови и срце (ПА и профил)/ ендоскопија со биопсија, преглед од специјалист по ОРЛ /интернист/ пулмолог/ хирург/ онколог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	специјалист по ОРЛ/ интернист/ пулмолог/ хирург/ онколог
С40–С41	Малигна неоплазма на коски и на артикуларна рскавица	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на абдомен/ РТГ, преглед од ортопед/ хирург / онколог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо- терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	ортопед/ хирург/ онколог
С43–С49	Меланом и други малигни неоплазми на кожата (С43-С44) и Малигна неоплазма на мезотелијалното и на мекото ткиво (С45-С49)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, дермоскопија/ ЕХО на абдомен, преглед од дерматовенеролог/ хирург/ онколог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)/	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	дерматовенеролог/ хирург/ онколог
С50	Малигна неоплазма на дојка	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на дојка/ мамографија/ биопсија со патохистолошка обработка, преглед од гинеколог/ хирург/ онколог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	гинеколог/ хирург/ онколог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
C51–C58	Малигни неоплазми на женски генитални органи	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, колпоскопија Papanikolau (ПАП) тест/ ЕХО на генитални органи/ биопсија со патохистолошка обработка, преглед од гинеколог/ хирург/ уролог (ПЗЗ/ С3З/ Т3З)/	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	гинеколог/ хирург/ уролог
C60–C63	Малигни неоплазми на машки генитални органи	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на урогенитален тракт/ биопсија со патохистолошка обработка, преглед од уролог/ нефролог/ хирург (ПЗЗ/ С3З/ Т3З)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	уролог/ нефролог/ хирург
C64–C68	Малигни неоплазми на уринарен тракт	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на урогенитален тракт, преглед од уролог/ нефролог/ хирург (ПЗЗ/ С3З/ Т3З)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	уролог/ нефролог/ хирург
C69–C72	Малигни неоплазми на око, мозок и на други делови од централниот нервен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на око (само при С69)/ КТ, преглед од офталмолог/ неврохирург/ невролог/ ендокринолог (ПЗЗ/ С3З/ Т3З)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	офталмолог/ неврохирург/ невролог/ ендокринолог
C73–C75	Малигни неоплазми на тиреоидеа и на други ендокрини жлезди	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хормонален статус (тиреоидна жлезда и хипофиза), ЕХО/ биопсија со патохистолошка анализа (тиреоидна жлезда) , преглед од невролог/ неврохирург/ ендокринолог/ хематолог/ специјалист по нуклеарна медицина (ПЗЗ/ С3З/ Т3З)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог/ неврохирург/ ендокринолог/ хематолог/ специјалист по нуклеарна медицина

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
C76–C80	Малигни неоплазми на недоволно дефинирани, секундарни и неозначени локализации	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ/ ЕХО, преглед од соодветен специјалист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија и трае до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	
C81–C96	Малигни неоплазми на лимфно, хематопоетичко и сродно ткиво	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, крвна размаска/ хепатограм/ РТГ на бели дробови и срце, преглед од интернист/ хематолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 10 месеци кога отпочнува обработката за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	интернист/ хематолог
D00–D09	In situ неоплазми	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ/ ЕХО, преглед од соодветен специјалист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)/	Во случаи каде е индицирана хоспитализација, како и при оперативно лекување, радио / хемо-терапија до 6 месеци	
D10-D36,D37-D48	Бенигни неоплазми (D10-D36), Неоплазми со несигурна или со непозната природа(D37-D48)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ/ ЕХО, преглед од соодветен специјалист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)/	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 3 месеци од почетокот на боледувањето	
ГЛАВА III-БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ ЗАБОЛУВАЊА ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ МЕХАНИЗАМ (D50-D89)					
D50–D64	Нутритивни анемии (D50-D53), Хемолитични анемии (D55-D59), Апластични и други анемии (D60-D64)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод/ крвна размаска, преглед од интернист/ трансфузиолог/ хематолог/ педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Кога Fe е под 5 mcg/L или хемоглобинот понизок од 100 g/L и трае до 30 дена. Со отпусно писмо кај потешки форми со препорака за боледување до 3 месеци од почетокот/	интернист/ трансфузиолог/ хематолог/ педијатар
D65–D69	Коагулациони дефекти, пурпура и други хеморагични состојби	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, крвна размаска, основни тестови за испитување на хемостаза, преглед од интернист/ хематолог/ трансфузиолог/ педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	При тешки нарушувања на хемостазата со препорака за боледување до 3 месеци по хоспитализација	интернист/ хематолог/ трансфузиолог/ педијатар

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
D70–D77	Други болести на крвта и крвотворните органи	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, крвна размаска, преглед од интернист/ хематолог/ педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеци, а при егзацербации на болеста до 6 месеци од почетокот на боледувањето	интернист/ хематолог/ педијатар
D80–D89	Одредени заболувања што го зафаќаат имуниот механизам	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хепатограм/ имунолошки статус, преглед од соодветен специјалист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо до постигнување ремисија	
ГЛАВА IV - ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ (E00 - E90)					
E00–E07	Заболувања на тиреоидната жлезда	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хормонски статус, ЕХО на штитната жлезда, преглед од интернист/ ендокринолог/ специјалист по нуклеарна медицина (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	При хипертиреоидизам/ хипотиреоидизам до 30 дена по хоспитализација	интернист/ ендокринолог/ специјалист по нуклеарна медицина
E10–E16	Дијабетес мелитус	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, гликемиски профил со гликолизиран хемоглобин, преглед од интернист/ ендокринолог/педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена, а со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ ендокринолог/ педијатар
E20–E35	Заболувања на другите ендокрини жлезди	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО испитувања, преглед од интернист/ ендокринолог/педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена, а со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ ендокринолог/ педијатар
E70–E78	Метаболични заболувања	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ ендокринолог /педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена, а со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ ендокринолог/ педијатар
ГЛАВА V - ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОДНЕСУВАЊЕТО (F00-F99)					

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
F00–F09	Органски, вклучувајќи ги и симптоматските, душевни растројства (F00-F09) се обработени на соодветни места со основната болест.				
F10-F19	Душевни растројства и растројства во однесувањето предизвикани со употреба на психоактивни супстанци	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	преглед од психијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо до 3 месеци од почетокот на боледувањето. Осигурениците лекувани во дневна болница потребно е задолжително да бидат упатени на лекарска комисија за продолжување на боледувањето на секои 30 дена со потврда од здравствената установа дека е на дневноболничко лекување. При оштетувања на личноста и психички нарушувања (алкохолна параноја, алкохолни халуцинози, соматски оштетувања) до 6 месеци, потоа се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	психијатар
F20–F29	Шизофренија, шизотипни растројства и налудничави растројства	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	преглед од психијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Кај полесни форми со акутен почеток, со потполни ремисии и со незнатно оштетување на личноста, при дијагностицирање на болеста и подоцна во период на рецидиви во вид на психотични епизоди до 3 месеци по хоспитализација. Кај тешки форми со чести рецидиви и благи ремисии до 6 месеци, потоа се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност. Осигурениците лекувани во дневна болница потребно е задолжително да бидат упатени на лекарска комисија за продолжување на боледувањето на секои 30 дена со потврда од	психијатар

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
				здравствената установа дека е на дневноболничко лекување	
F30–F39	Растројства на расположението (афектот)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	преглед од психијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	При акутната фаза и при рецидиви боледувањето трае до 3 месеци по завршената хоспитализација Кај тешки форми како делирантна манија, агитирана депресија, ступорозна депресија или кога болеста без ремисија поминува во спротивната фаза, или добива хроничен тек може да трае до 6 месеци, потоа се прави обработка на пациентот за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност. Осигурениците лекувани во дневна болница потребно е задолжително да бидат упатени на лекарска комисија за продолжување на боледувањето на секои 30 дена со потврда од здравствената установа дека е на дневноболничко лекување Gjatë fazës akute dhe gjatë rikthimeve, pushimi mjekësor zgjatë deri në 3 muaj pas hospitalizimit të përfunduar	психијатар

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
F40–F48	Невротски растројства поврзани со стрес и соматоформни растројства	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	преглед од психијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо до 30 дена по хоспитализација. Кај тешки форми со регресивни промени на личноста, резистентни на терапија(тешки опсесивни растројства, фобични состојби тешки депресивни состојби или изразени конверзивни растројства) може да се продолжи боледувањето до 3 месеци по хоспитализација. Осигурениците лекувани во дневна болница потребно е задолжително да бидат упатени на лекарска комисија за продолжување на боледувањето на секои 30 дена со потврда од здравствената установа дека е на дневноболничко лекување	психијатар
F60–F69	Растројства на личноста и растројства на однесувањето кај возрасни	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	преглед од психијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо до 2 месеци по хоспитализација. Осигурениците лекувани во дневна болница потребно е задолжително да бидат упатени на лекарска комисија за продолжување на боледувањето на секои 30 дена со потврда од здравствената установа дека е на дневноболничко лекување	психијатар
ГЛАВА VI - БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (G00 – G99)					
G00–G09	Воспалителни болести на централниот нервен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од невролог/ инфектолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо до 3 месеци по хоспитализација/рехабилитација . Кај случаите со сериозни невролошки дефицити и интелектуални нарушувања, може да трае и подолго, според мислењето на невролог /инфектолог, а при трајни	невролог/ инфектолог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
				оштетувања се упатува до надлежен орган за оценка за работоспособност	
G10–G13	Системски атрофии што примарно го зафаќаат централниот нервен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕЕГ/ЕМГ, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)/	Со отпусно писмо до 2 месеци по хоспитализација. Кај потешките форми како спастичен синдром со спастична слабост на екстремитетите,синдром на спинална мускулна атрофија со мускулна слабост и атрофии, булбарна парализа со дисфагија и дизартрија, атаксија, атрофија на оптикус со слепило трае подолго по мислење на невроло. Во одминат стадиум на овие заболувања со тешки параплегични, квадриплегични или булбарни нарушувања како и кај Huntington- ова болест во моментот на поставување на дијагнозата, пациентот се подготвува за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност.	невролог
G20–G26	Екстрапирамидни заболувања и заболувања на движењето	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕЕГ/ЕМГ, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај и, или отпусно писмо до 2 месеца од почетокот на боледувањето Кај потешките случаи со изразени невролошки знаци: ригор,акинезија,тремор или хореа, атетоза, бализам, дистонија или пак со психички нарушувања до 6 месеци од почетокот на боледувањето. Во одминат стадиум на болеста со развиена	невролог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
				клиничка слика и со интелектуално пропаѓање до деменција пациентот се обработува за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност за одредување на потполно и трајно изгубена работна способност	
G30–G32	Други дегенеративни болести на нервниот систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕЕГ/ КТ, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Поради природата на болеста во моментот на поставување на дијагнозата работната способност е потполно и трајно изгубена. По поставување на дијагнозата се врши обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог
G35–G37	Демиелинизирачки болести на централниот нервен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, МР/ КТ, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ /ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо до 3 месеци од почетокот на боледувањето. Во подоцните потешки фази на егзацербација со заостанати резидуи особено од типот на параплегија, атаксија и нарушена функција на свинктерите може да се продолжи боледувањето до 6 месеци и се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
G40–G47	Епизодни и пароксизмални растројства (G40 – G47). Епилепсија (G40), Статус епилептикус (G41)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕЕГ, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето доколку нема повторувачки напади и додатни компликации. Кога е индицирана хоспитализација 30 дена по излегување од болница. Кај формите резистентни на лекови, со лошо контролирани напади и со психички промени може да трае и до 4 месеци пота се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог
G43-G44	Мигрена(G43), Други синдроми на главоболка(G44)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	G43 - Со отпусно писмо и препорака за боледување до 7 дена по хоспитализација G44- Над 15 дена нема основ за продолжување на боледувањето	невролог
G45-G46	Транзиторни церебрални исхемични напади и сродни синдроми (G45), Васкуларни синдроми на мозокот кај цереброваскуларни болести (G46)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почеток на боледувањето	невролог
G50-G53	Заболувања на нерви, нервен корен и плексус	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од невролог/ ОРЛ специјалист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почеток на боледувањето	невролог/ ОРЛ специјалист

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
G54,G55,G56-G57,G58,G59	Заболувања на нервен корен и нервен плексус (G54), Компресии на нервен корен и плексус кај болести класифицирани на друго место (G55), Мононевропатии на горен и долен екстремитет (G56-G57), Други мононевропатии (G58) Мононевропатии кај болести класифицирани на друго место (G59).	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на рбетен столб/ЕМГ, преглед од невролог/ ортопед/ физијатар/ трауматолог/ неворхирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	При спроведување на дијагностички процедури, лекување и рехабилитација како и во фаза на акутни болки може да се продолжи боледувањето до 2 месеци по хоспитализација. При пролонгирани тегоби со изразени моторни промени (мускулни атрофии, угаснати рефлекси) и при оперативно лекување може да трае до 3 месеци по хоспитализација	невролог/ ортопед/ физијатар/ трауматолог/ неврохирург
G60–G64	Полиневропатии и други заболувања на периферниот нервен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо до 30 дена од почетокот, при потешките невролошки нарушувања (парези, парализи, атаксија) до 6 месеци од почетокот на заболувањето, по тој период се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог
G70	Миастенија гравис и други мионеврални заболувања	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, Prostigminski тест, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Кај окуларната и лесната генерализирана форма при акутната фаза и во фазите на егзацербација до 3 месеци од почетокот на боледувањето. Кај умерената генерализирана форма со зафатени скелетни и булбарни мускули и со незадоволителен одговор на лекови до 6 месеци.Кај тешките форми со незадоволителен одговор на лекови се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
G71-G73	Примарни заболувања на мускулите (G71), Други миопатии (G72), Заболувања на мионевралната спојка и мускул кај болести класифицирани на друго место (G73)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од невролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 3 месеци од почетокот на боледувањето, а со отпусно писмо до 3 месеци по хоспитализација. Кај тешки форми до 6 месеци, а по тој период се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	невролог
G80	Церебрална парализа	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Преглед од невролог/ ортопед/ физијатар/ педијатар (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај /отпусно писмо со препорака за боледување по мислење на соодветен специјалист	невролог/ ортопед/ физијатар/ педијатар
G81/G82/G83	Хемиплегија (G81), Параплегија и Тетраплегија (G82), Други паралитични синдроми (G83)	Оваа група опфаќа состојби кои што се предизвикани од различни причини. Привремената спреченост за работа се оценува во склоп на основната болест и зависи од нејзиниот тек и исход при што должината на боледувањето се одредува со наод од неврохирург/невролог/физијатар и се упатува до надлежен орган за оцена на работоспособност			неврохирург/ невролог/ физијатар
ГЛАВА VII - БОЛЕСТИ НА ОКОТО И ПОМОШНИОТ ОЧЕН АПАРАТ (H00-H54)					
H00–H06	Болести на очниот капак, лакрималниот систем и орбитата	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување при оперативен зафат до 2 недели по хоспитализација	офталмолог
H10–H13	Заболувања на конјунктивата	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето над 15 дена	офталмолог
H15–H22	Заболувања на склерата, корнеата ирисот и цилијарното тело (H15-H22)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Отпусно писмо со препорака за боледување до 2 недели по хоспитализација	офталмолог
H25–H28	Заболувања на леќата	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 недели по хоспитализација	офталмолог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
H30–H36	Заболувања на хориоидеата и ретината	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Кај промени, кај кои не е нарушена видната острина, не постои спреченост за работа. Со отпусно писмо со препорка за боледување при оперативен/конзервативен третман и рехабилитација до 30 дена по хоспитализацијата	офталмолог
H40–H42	Глауком	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 недели по хоспитализација	офталмолог
H43–H45	Заболувања на стаклестото тело и очното јаболко	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Кај промени, кај кои не е нарушена остината на видот, не постои спреченост за работа. Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	офталмолог
H46–H48	Заболувања на оптичкиот нерв и видните патишта	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеца од почетокот на боледувањето	офталмолог
H49–H52	Заболувања на очните мускули, бинокуларни движења, акомодација и рефракција	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо до 30 дена по хоспитализација	офталмолог
H53–H54	Нарушувања на видот и слепило	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од офталмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо до 2 недели по хоспитализација. Кај тешки форми на нарушување на видот и при слепило се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност.	офталмолог
ГЛАВА VIII - БОЛЕСТИ НА УВОТО И МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК (H60 - H95)					
H60–H62	Болести на надворешното уво	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Над 5 дена нема основ за продолжување на боледувањето		

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
H65–H75	Болести на средното уво и на мастоидот	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ОРЛ преглед (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо и препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	ОРЛ специјалист
H80–H83	Болести на внатрешно уво	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, аудиометрија / калоричен тест на вестибуларниот апарат, ОРЛ преглед (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо и препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	ОРЛ специјалист
H90-H95	Други заболувања на увото	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, аудиометрија, ОРЛ преглед (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување само во случаите на акутно губење на слухот на едното или обете уши кога е индицирана хоспитализација поради навремено лекување и трае до 30 дена од почетокот на боледувањето	ОРЛ специјалист
ГЛАВА IX - БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРНИОТ СИСТЕМ (I00-I99)					
I00–I02	Акутна ревматична треска	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕКГ, ехокардиограм/ серолошки испитувања (AST,RF), преглед од интернист/ кардиолог/ ревматолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето, а со отпусно писмо во акутната фаза на болеста до 3 месеци од почетокот на боледувањето	интернист/ кардиолог/ ревматолог
I05–I09	Хронични ревматични болести на срцето	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕКГ, ехокардиограм/ серолошки испитувања (AST, RF), преглед од интернист/ кардиолог/ ревматолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето, а со отпусно писмо во акутната фаза на болеста до 3 месеци од почетокот на боледувањето	интернист/ кардиолог/ ревматолог
I10–I15	Хипертензивни болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕКГ, преглед од интернист/ кардиолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување при случаите на малигна хипертензија и хипертензивна криза ТА>180mmHg(систолен) или >130	интернист/ кардиолог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
				mmHg(дијастолен) до 30 дена од почетокот на боледување	
I20–I25	Исхемична болест на срцето	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕКГ, ехокардиограм, преглед од интернист/ кардиолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување при нестабилна ангина пекторис до 30 дена од почетокот на боледувањето. Со отпусно писмо со препорака за боледување при акутен инфаркт на миокардот до 3 месеци од почетокот на боледувањето	интернист/ кардиолог
I26-I28	Пулмонална срцева болест и болести на пулмоналната циркулација	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕКГ, РТГ/ЕХО на бели дробови и срце, преглед од интернист/ кардиолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување при респираторна инсуфициенција до 2 месеца од почетокот на боледувањето	интернист/ кардиолог
I30–I52	Други форми на болест на срцето	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕКГ,ЕХО, преглед од интернист/ кардиолог/ кардиохирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување при клинички манифестни хемодинамски нарушувања (диспнеа, периферни едеми) и при сериозни нарушувања на ритамот (атријален фибрилофлатер, суправентрикуларна пароксизмална тахикардија, мултифокални ВЕС, вентрикуларен флатер, АВ блок со Adams-Stokes-ов синдром, EF<40%) во траење до 30 дена од почетокот на боледувањето. Во случај на оперативно лекување до 2 месеца по хоспитализација	интернист/ кардиолог/ кардиохирург

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
I60-I69	Цереброваскуларни болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, КТ на глава, преглед од интернист/ невролог/ неврохирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со Компјутерска томографија (КТ) до 3 месеци од почетокот на боледувањето. Со отпусно писмо со препорака за боледување во акутна фаза до 10 месеци и во тој период се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	интернист/ невролог/ неврохирург
I70-I79	Болести на артерии, артериоли и капилари	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО доплер, преглед од интернист/ кардиолог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување при акутни состојби (тромбоза и емболија на артерија, акутна фаза на MBurger, оклузивна артериска болест, дисекција) до 3 месеци по хоспитализација, а тој период се прави обработка за упатување до надлежен орган за оценка за работоспособност	интернист/ кардиолог/ хирург
I80-I89	Болести на вени, лимфни садови и лимфни јазли	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО доплер, преглед од интернист/ кардиолог/ трансфузиолог/ хирург/ дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување при акутните тромбофлебити на површните вени до 30 дена од почетокот на боледувањето, а при акутни тромбофлебити на длабоките вени на потколениците до 2 месеци од почетокот на боледувањето. При тромбоза на големи вени до 3 месеци од почеток на боледувањето.	интернист/ кардиолог/ трансфузиолог/ хирург/ дерматовенеролог
I95	Хипотензија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето над 5 дена	Нема основ за продолжување на боледувањето над 5 дена	
ГЛАВА X - БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ (J00-J99)					

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
J00-J06	Акутни горнореспираторни инфекции	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето, освен J04 и J05 со стандарден лабораториски наод и специјалистички извештај (педијатар, интернист, пулмолог,инфектолог) до 15 дена	Нема основ за продолжување на боледувањето	интернист/ педијатар/ пулмолог/ инфектолог
J09-J11	Инфлуенца	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	стандарден лабораториски наод (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	
J12-J18	Пневмонија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод , РТГ на бели дробови и срце (ПА и профил), преглед од интернист/ пулмолог/педијатар/инфектолог (ПЗЗ/ СЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето, а со отпусно писмо до 6 недели од почетокот на боледување	интернист/ педијатар/ пулмолог/ инфектолог
J20-J22	Други акутни долнореспираторни инфекции	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод (ПЗЗ),преглед од интернист/ пулмолог/педијатар/инфектолог	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	интернист/ педијатар/ пулмолог/ инфектолог
J30-J39	Други болести на горниот респираторен тракт	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	Нема основ за продолжување на боледувањето	
J40-J47	Хронични долнореспираторни болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, спирометрија, преглед од интернист/ пулмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледување	интернист/ пулмолог
J60-J70	Белодробни болести предизвикани со надворешни агенси	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови и срце/ спирометрија, преглед од специјалист по медицина на трудот/ пулмолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледување	специјалист по медицина на трудот/ пулмолог
J80-J84	Други респираторни болести што главно го зафаќаат интерстициумот	Без примена на	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови и срце/ спирометрија, преглед од	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на	интернист/ пулмолог/ кардиолог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
		Критериумите (ПЗЗ)	интернист/ пулмолог/ кардиолог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	боледувањето, а со отпусно писмо до 2 месеца од почетокот на боледувањето	
J85-J86	Супуративни и некротични состојби на долниот респираторен систем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови и срце, преглед од интернист/ пулмолог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 3 месеци по хоспитализација	интернист/ пулмолог/ хирург
J90-J94	Други болести на плеврата	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на бели дробови и срце , преглед од интернист/ пулмолог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеци по хоспитализација	интернист/ пулмолог/ хирург
ГЛАВА XI - БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ (K00-K93)					
K00-K20	Болести на усна празнина, плунковни жлезди и вилици				
K00.2-K00.3	Заболување на развој на забите	Нема основ за боледување			
K00-K00.9	Заболување на развој на забите и избивањето на забите	Нема основ за боледување			
K01.0-K01.1	Набиени или заглавени заби	Нема основ за боледување			
K02.0-K02.9	Дентален кариес	Нема основ за боледување			
K03.0-K03.9	Други болести на цврстите ткива на забите	Нема основ за боледување			
K04.1-K04.9	Болести на пулпата и периапикалните ткива	Нема основ за боледување освен за K04.4-K04.9 без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за боледување		

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
К05.0-К05.6	Гингивити и пародонтални болести	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за боледување		
К06.0-К06.9	Други заболувања на гингива и беззабен алвеоларен гребен	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	До 15 дена од почеток на боледување само при оперативен зафат со препорака од специјалист и РТГ снимка(СЗЗ)		Парадонтолог/ Орален хирург/ максилофацијален хирург
К07.0-К07.9	Дентофацијални аномалии и малоклузии	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	До 15 дена од почеток на боледување само при оперативен зафат со препорака од специјалист по максилофацијална хирургија и РТГ снимка(СЗЗ)	Со отпусно писмо 30 дена од почеток на боледување само при оперативен зафат со препорака од специјалист	максилофацијален хирург
К08.0-К08.9	Други заболувања на забите и потпорните структури	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за боледување		
К09.0-К09.9	Цисти во оралната регија, некласифицирани во други регии	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	До 15 дена од почеток на боледување само при оперативен зафат со препорака од специјалист и РТГ снимка(СЗЗ)		Орален хирург/ максилофацијален хирург
К10.0-К10.9	Други болести на вилицата	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	До 15 дена од почеток на боледување само при оперативен зафат со препорака од специјалист и РТГ снимка(СЗЗ)		Орален хирург/ максилофацијален хирург
К11-К11.9	Болести на плунковните жлезди	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Преглед од ОРЛ специјалист /специјалист по максилофацијална хирургија (СЗЗ) и ЕХО на плунковни жлезди	При оперативен зафат со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	ОРЛ специјалист / максилофацијален хирург
К12.0-К12.2	Стоматитиси и сродни лезии	Без примена на	Нема основ за продолжување на боледувањето		

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
		Критериумите (ПЗЗ)			
К13.0-К13.1	Други болести на усна и орална мукоза	Нема основ за боледување	Нема основ за боледување		
К13.2-К13.3	Други болести на усна и орална мукоза	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	стандардни лабораториски испитувања, преглед од специјалист парадонтолог/ максилофацијален хирург, биопсија excisio in toto (С33)/		Пародонтолог/ максилофацијален хирург
К13.4-К13.7	Други болести на усна и орална мукоза	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	Нема основ за продолжување на боледувањето	
К14.0	Болести на јазикот (глосит)	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	Нема основ за продолжување на боледувањето	
К14.1-К14.9	Болести на јазикот	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	Нема основ за продолжување на боледувањето	
К20-К31	Болести на хранопроводот, желудникот и дуоденумот	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, серологија со Helicobacter pylori/ микробиолошки анализи (фецес), ЕХО на абдомен / РТГ, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ С33/ Т33)	Со специјалистички извештај со гастроскопија / отпусно писмо со препорака за боледување при хеморагичен гастрит и улкус со компликации до 30 дена од почетокот на боледување	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К35-К38	Болести на апендиксот	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на абдомен, преглед од хирург (ПЗЗ/ С33/ Т33)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	хирург
К40-К46	Хернија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од хирург (ПЗЗ/ С33/ Т33)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	хирург

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
К50	Crohn-ова болест	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување во фазата на акутна егзацербација до 30 дена од почетокот на боледувањето, а при хоспитализација до 2 месеци од почетокот на боледувањето. При оперативен зафат со отпусно писмо до 3 месеци од почеток на боледувањето.	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К51	Улцерозен колит	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување во фазата на акутна егзацербација до 30 дена од почетокот на боледувањето, а при хоспитализација до 2 месеци од почетокот на боледувањето. При оперативен зафат со отпусно писмо до 3 месеци од почеток	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К52	Друг неинфективен гастроентерит и колит	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К55-К63 Други болести на цревата					
К55	Васкуларни болести на цревата	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеца по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К56	Паралитичен илеус и цревна опструкција без хернија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеца по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К57	Дивертикуларна болест на цревото	Без примена на	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеца по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
		Критериумите (ПЗЗ)	гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)		
К58	Синдром на иритабилно црево	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К59	Други функционални цревни заболувања	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К60	Фисура и фистула на анална и ректална регија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К61	Абсцес на анална и ректална регија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К62	Други болести на анусот и ректумот	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К63	Други болести на цревото	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К65-К66	Болести на перитонеумот	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација, а при компликации до 2 месеци по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
К70-К77	Болести на црниот дроб	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, хепатограм/ ЕХО на абдомен, преглед од интернист/ гастроентеролог/ инфектолог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 2 месеца по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ инфектолог/ хирург

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
K80-K87	Болести на жолчното ќесе, билијарниот тракт и панкреас	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, ЕХО на абдомен, преглед од интернист/ гастроентеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација, а при акутен панкреатит и егзацербација на хроничен панкреатит до 6 недели по хоспитализација	интернист/ гастроентеролог/ хирург
ГЛАВА XII - БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И БОЛЕСТИ НА ПОТКОЖНОТО ТКИВО (L00-L99)					
L00-L08 Инфекции на кожата и на поткожното ткиво					
L01	Импетиго	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматолог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	дерматовенеролог/ хирург
L02	Кутан апсцес, фурункул и карбункул	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	дерматовенеролог/ хирург
L04	Акутен лимфаденит	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	дерматовенеролог/ хирург
L05	Пилонидална циста	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување 30 дена од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог/ хирург
L08	Други локални инфекции на кожата и поткожното ткиво	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ хирург (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Нема основ за продолжување на боледувањето	дерматовенеролог/ хирург
L10-L14	Булозни заболувања	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена по хоспитализација	дерматовенеролог

дијагнози и групи на дијагнози со минимум дијагностички постапки и времетраење на спреченост на работа					
МКБ код	**Група дијагноза**	**До 5 дена (ПЗЗ)**	**До 15 дена**	**Над 15 дена**	**Специјалисти**
L20-L30	Дерматит и егзем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ) Спреченост за работа постои при силна ексудација и импетигинизација, кога процесот ги зафаќа подлабоките слоеви на кожата трае до 2 недели	Нема основ за продолжување на боледувањето	дерматовенеролог
L40-L45	Папулосквамозни заболувања	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување при тешки егзацербации до 30 дена од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог
L50	Уртикарија	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ интернист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со отпусно писмо со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог/ интернист
L51-L54	Еритем	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ интернист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај / отпусно писмо до 30 дена од почетокот на боледувањето	дерматовенеролог/ интернист
L93	Еритематозен лупус	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, преглед од дерматовенеролог/ интернист (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето, а со отпусно писмо до 2 месеци по хоспитализација	дерматовенеролог/ интернист
ГЛАВА XIII - БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО (M00-M99)					
M01-M03	Инфективни артропатии	Без примена на Критериумите (ПЗЗ)	Стандарден лабораториски наод, РТГ на зглобовите, преглед од интернист/ ревматолог/ ортопед (ПЗЗ/ СЗЗ/ ТЗЗ)	Со специјалистички извештај со препорака за боледување до 30 дена од почетокот на боледувањето, а со отпусно писмо 2 месеци од почетокот на боледувањето	интернист/ ревматолог/ ортопед
